Врз основа на член 4 од Правилникот за условите, критериумите и начинот и постапката за доделување на материјална поддршка на спортски клубови, спортски здруженија и здруженија на граѓани кои вршат јавен интерес на територијата на општина Чашка („Службен гласник на општина Чашка" бр.6/22), а согласно предвидените средства во Буџетот на општина Чашка за 2022 година,

Градоначалникот на општина Чашка на ден 05.05.2022 година, објавува

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ОПШТИНА ЧАШКА - KOMUNA E ÇASHKËS
ГРАДОНАЧАЛНИК - KRYETARI I KOMUNËS
Бр./Nr.: 09-696/1
05.05.2022 год./viti.
ЧАШКА/CASHKË:

# ЈАВЕН ПОВИК

## за доделување на материјална поддршка на спортски клубови, спортски здруженија и здруженија на граѓани кои вршат јавен интерес на територијата на општина Чашка

**Предмет на Јавниот повик**

Градоначалникот на општина Чашка го распишува овој јавен повик за распределување на финансиски средства од Програмата за активностите на општина Чашка во областа на спортот и здруженија на граѓани за 2022 година, за материјална поддршка на спортски клубови, спортски здруженија и здруженија на граѓани кои вршат јавен интерес на територијата на општина Чашка, со цел да се унапреди соработката и да се придонесе кон општествен развој на општината.

Со ова општина Чашка ја изразува својата подготвеност за поддршка и развој на еден од најважните социјални елементи. Придобивките и ефектите врз секоја индивидуа и целата општина се основа за максимална посветенот во унапредувањето на јавниот и општествениот интерес на општината.

**Приоритети**

1. Развој и поддршка на спортски клубови, спортски здруженија и здруженија на граѓани;
2. Психофизички развој;
3. Социјална инклузија;
4. Економски развој;
5. Афирмација и промоција на општина Чашка;

**Право на учество**

Субјектите, кои учествуваат на јавниот повик кон пријавата треба да достават:

- Доказ за регистрирана дејност;
- Тековна состојба на субјектот, издадена од Центарлен регистар на Република Северна Македонија (не постара од 6 месеци);
- Решение за вршење дејност спорт, издадено од страна на Агенција за млади и спорт (за професионални спортски клубови);
- Годишна Програма за работа и функционирање на спортскиот клуб, спортското здружение или здружението на граѓани;
- План за реализација на проект кој е од посебен интерес за општината;
- Листа на реализирани проекти, самостојно или во соработка со општината (доколку здружението постои повеќе од една година);

**Начин на пријавување на Јавниот повик**

Потребната документација за учество на повикот се доставува по пошта или во архивата на општина Чашка, на адреса **„Илинденска' бр.8, населба Чашка** со назнака **„ЗА ЈАВЕН ПОВИК ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛНА ПОДДРШКА НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ, СПОРТСКИ ЗДРУЖЕНИЈА И ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ"** и бројот на повикот.

Пликот не смее да содржи никаква ознака која би можела да го идентификува апликантот.

Пријавата се доставува во еден оригинален примерок кој треба да биде потпишан и заверен од одговорното лице на кандидатот.

**Рок на траење на повикот**

Рокот за пријавување изнесува 7 работни дена, односно крајниот рок за поднесување на пријавите е 16.05.2022 година.

Постапката за доделување на материјална поддршка на спортски клубови, спортски здруженија и здруженија на граѓани кои вршат јавен интерес на територијата на општина Чашка, ја спроведува Комисија формирана од Советот на општина Чашка.

**ОПШТИНА ЧАШКА**
**Градоначалник**
**Горан Стојановски**